**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

**Бр. 03-1016/1**
**19.10.2020, Скопје**

**До**
**Заменик на претседателот на Владата за економски прашања, г-дин Фатмир Битиќи**
**Министер за финансии, г-дин Фатмир Бесими,**

Почитуван Заменик на претседател на Влада за економски прашања, г-дин Фатмир Битиќи, почитуван Министер за економија, г-дин Фатмир Бесими, првин, со големо задоволство во име на членовите на Стоматолошката комора на Македонија и во мое лично име **Ви го честитаме изборот** во новата Влада и Ви посакуваме уште поголеми успеси во работата во мандатот кој Ви претстои, а во текот на кој секако очекуваме уште поголем бенефит за нашите членови, докторите на стоматологија.

Ви се обраќаме од името на Кризната група на Стоматолошката Комора на Македонија со барање кое се однесува на сите стоматолози во нашата држава со желба да Ве запознаеме со постоечката состојба на стоматолозите во Република Северна Македонија бидејќи сметаме дека од Вашите реакции директно ќе зависи опстанокот на стоматолошката дејност во државата како една од службите од јавен интерес.

Ние, Кризната група на Стоматолошката комора на Македонија, потполно и недвосмислено почитувајќи ги и Вашите други активности, за кои не спориме дека се од витално значење за македонскиот граѓанин, сепак сме на став дека и покрај Ковид 19 пандемијата ниедна дејност од јавен интерес не смее и не треба да продолжи да не се развива, па така и стоматологијата за која како Комора имаме веќе изработено и стратегии за нејзината иднина.

За жал, односот на Владата кон нас стоматолозите, во најголем дел покажува целосно игнорирање и отсуство на било какво разбирање за потребите на вработените во оваа дејсност или проблемите со кои истите се соочуваат.

Како илустрација само ќе посочиме на две најсвежи ситуации кои оваа го отсликуваат:

На почетокот на кризата предизвикана од пандемијата со Корона вирусот, испративме барање до Владата на Република Северна Македонија, но за жал, од за нас неразбирливи причини, иако баравме единствено да ни се овозможи достапност до заштитна опрема и средства за дезинфекција, кои во тој момент беа тешко достапни, (воопшто не е побарана финансиска помош за набавка на истите), добивме одговор дека треба да ги купиме со сопствени средства. Во тоа време не ни беа потребни средства, туку единствено пристап до опремата за работење на Итните стоматолошки пунктови. Сепак успеавме да изнајдеме решенија и на целата територија на нашата држава и во моментот не постои проблем за што директно е запознаен и министерот за здравство Венко Филипче.

Со објавување на вториот пакет на економски мерки на Владата на РСМ, побаравме конкретно објаснување на мерките и дали истите се однесуваат и на стоматолозите, но барањето, веројатно поради некаква забуна заврши во Министерството за здравство, кое се прогласи ненадлежно околу прашањата за економска помош и ние не добивме одговор, а потоа иако баравме, никогаш не добивме термин за средба со тимот на тогашниот вицепремиер задолжен за економски прашања, г-ѓа Мила Царовска.

Ние, Стоматолошката комора на Македонија сме на став, потполно почитувајќи ги и Вашите други активности, за кои не спориме дека се од витално значење за македонскиот граѓанин, дека состојбата во која се наоѓаат стоматолозите не може повеќе да трпи понатамошно одлагање.

Состојбата во стоматологијата во нашата држава, пред се зависи од нас докторите на стоматологија, од пристапот на Стоматолошката комора на Македонија кон проблемите и кон изнаоѓање на можни решенија, но без помош, разбирање и поддршка на институциите, пред се од Вас како заменик премиер за економски прашања и министер за финансии, министерство за финансии, министерство за здравство, ФЗО и другите релевантни институции предводени од Владата на Република Северна Македонија, нашите заложби за подобрување на состојбата не можат да бидат целосно реализирани.

Но, во услови на се поверојатно продолжение од заканата од коронавирусот КОВИД-19 и неопходноста од спроведување на сите препорачани епидемиолошки мерки и почитување на Протоколите за работа во стоматолошките ординации, Стоматолошката комора на Македонија, согледувајќи ги потребите на нашите членови, изврши анализа на потрошувачката на заштитна опрема и средства за дезинфекција во стоматолошки ординации и заботехнички лаборатории, земајќи ги во предвид и сите други параметри кои имаат влијание . Анализата утврди дека носителите на ординациите, независно дали се примарни или специјалистички, во мрежа или вон мрежа, **многукратно** ги зголемија трошоците за набавка на соодветна заштитна опрема и средства за дезинфекција додека останатите параметри кои влијаат на одржување на самите ординации укажаа дека стоматологијата, стоматолошката дејност е пред колапс.

Стоматолошката комора на Македонија, во изминатите неколку месеци, од почетокот на Март 2020 година апелираше, бараше и инсистираше, институциите во државата да реагираат и да направат се во рамките на нивните можности, да ја спасат од колапс стоматолошката дејност, но за жал, ниедна институција, ниту Кризниот координативен штаб на Владата, ниту Владата преку Министерство за здравство, ниту пак Министерство за финансии, немаа ниту **елементарно разбирање** за нашата се потешка состојба и стоматологијата како дејност и стоматологот како еден од чинителите на здравствениот систем, не беа опфатени со ниедна досегашна мерка, ниту со некој пакет на **антикризни мерки** за финансиска помош.

Поради се поочекуваната натамошната неповолна епидемиолошка состојба во земјата, Комората е на мислење дека носителите на стоматолошките ординации, институции и компании поради зголемениот финансиски товар и загуби, повеќе не се и нема да се во состојба да ги поднесуваат овие трошоци и за истите е неопходно **ургентно решение** кое до стоматологот ќе пристигне и од државата, но и од Фондот за оние правни субјекти кои се во мрежата на стоматолошките ординации.

Поради сето наведеното, Ве молиме уште еднаш да го разгледате барањето за можни опции за **финансиска економска поддршка** од планираниот четврт економски пакет на антикризни мерки зошто на никого во државата нема да му помогне ако најголемиот број од 1500 приватни стоматолошки здравствени установи пропаднат и по завршување на кризата со КОВИД 19 не постојат.

Се надеваме дека ќе ја разберете потребата од постоење на напредна и развиена стоматолошка служба во државата која на жалост во овој момент се соочува со енормни финансиски потешкотии кои доколку не нé разберете и оптимално не ни помогнете ќе резултираат со отпуштање на голем број доктори и стоматолошки асистенти како и до затворање на голем број ординации поради неможноста да опстојат без никаков приход и помош од државата.

Со почит,

Кризна група на Стоматолошка комора на Македонија

Стоматолошка комора на Македонија
Претседател
Д-р Маријан Денковски

М.П